Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

МАПАС

15 СЕПТЕМВРИ
ДЕН ЗА ПЕНЗИСКА СВЕСНОСТ

ЕЛЕКТРОНСКИ ИНФОРМАТОР

Е-МАПАС

БР.59

ОКТОМВРИ 2026 ГОДИНА

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), во соработка со Асоцијацијата на пензиски друштва, го одбележи 15 септември – Денот на пензиска свесност. Овој значаен датум се одбележува од 2014 година, со примарна цел темата за пензиско штедење да се доближи до граѓаните и да се поттикне поголема информираност и одговорност за финансиското планирање. Оваа година, централниот настан се одржуа во средното економско-правно училиште СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“ – Скопје, со посебен фокус на младите генерации и нивната финансиска едукација.



На свеченият настан свое обраќање имаа Претседателот на Советот на експерти на МАПАС, Ремзи Бајрами, Претседателот на Асоцијацијата на пензиски друштва, Маријан Николовски, и Директорот на СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“, Александар Мијоски. Главната порака која се испрати е дека за пензија не треба да се размислува дури кога ќе се приближи пензионирањето, туку уште од првата заработена плата. Финансиските навики и одговорноста кон сопствената иднина се создаваат од најрана возраст, поради што најголемото внимание денес им се посветува токму на средношколците.

Клучен дел од овогодинешното одбележување е потпишувањето на Меморандумот за соработка помеѓу МАПАС и СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“ – Скопје. Со овој документ се воспоставува цврст мост помеѓу образованието и практиката. Целта е на учениците да им се овозможи теоретските знаења да ги поврзат со практични искуства и да се запознаат со работата на јавните институции. Меморандумот предвидува реализација на практична настава, учење преку работа и феријална практика, како и организирање на едукативни посети, презентации и работилници од областа на финансиската писменост, пензискиот систем и капитално финансираното пензиско осигурување.



МАПАС во континуитет работи на зголемување на финансиската и пензиската писменост во општеството. Огромна поддршка во реализацијата на овие едукативни активности даваат и пензиските друштва (КБ Прво пензиско друштво, Сава пензиско друштво и Триглав пензиско друштво). Во денешниот свет на брзи промени, каде што младите се соочуваат со нови професии и технологии, знаењето за финансии не претставува само дополнителна вештина, туку неопходна животна вештина која помага во самостојно и одговорно носење на финансиски одлуки.



Овој настан е одличен пример за тоа како институциите, образовниот сектор и бизнис заедницата можат да работат заедно за да создадат дополнителна вредност за младите. Пораката на МАПАС до сите граѓани на овој 15 септември е јасна: ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ, РАЗМИСЛУВАЈТЕ НАВРЕМЕ И ПЛАНИРАЈТЕ ЈА СВОЈАТА ИДНИНА, БИДЕЈЌИ ПЕНЗИСКАТА ИДНИНА СЕ ГРАДИ ДЕНЕС.

„Кој штеди во младоста, не се плаши од староста.“

„Лесна пензија, труд во младоста.“

ПЕНЗИСКИТЕ ПАЗАРИ ВО ФОКУС – ПРЕЛИМИНАРНИ ПОДАТОЦИ ЗА 2025 ГОДИНА

Според најновите прелиминарни податоци на ОЕЦД, објавени во изданието „Пензиските пазари во фокус – Прелиминарни податоци за 2025 година“, пензиските средства на глобално ниво продолжија да бележат значителен раст и во текот на 2025 година.

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**

ИНФОРМАЦИЈА ЗА ТЕКОВНИТЕ КОРИСНИЦИ КОИ ОСТВАРУВААТ ИСПЛАТА НА ПЕНЗИЈА ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ (ВТОР ПЕНЗИСКИ СТОЛБ)

Вториот пензиски столб е дел од пензискиот систем во Република Северна Македонија и се заснова на индивидуални сметки на осигурениците на кои се акумулираат и инвестираат средства за остварување на пензиските права. Со постепеното созревање на системот, се зголемува бројот на корисници кои остваруваат право за исплата на пензија од задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**

30/06/2026					
	Број на пензионери	Исплатен нето износ	Просечен нето износ	Просечен стаж	Пензиска основица
ВКУПНО	**147**	**1.452.089 ден.**	**9.878 ден.**	**22**	**38.880 ден.**
СО МИНИМАЛНА ПЕНЗИЈА					
вкупна нето исплата од сметка	**113**	**1,149,023 ден.**	**10,168 ден.**	**21**	**27,003 ден.**
до 4.000 ден.	0	- ден.	- ден.	0	- ден.
4.001 ден.– 8.000 ден.	38	246,890 ден.	6,497 ден.	23	29,660 ден.
над 8.000 ден.	75	902,133 ден.	12,028 ден.	20	25,660 ден.
НАД МИНИМАЛНА ПЕНЗИЈА					
вкупна нето исплата од сметка	**34**	**303,066 ден.**	**8,914 ден.**	**25**	**81,762 ден.**
до нè 4.000 ден.	8	20,814 ден.	2,602 ден.	21	29,188 ден.
4.001 ден.–8.000 ден.	14	76,090 ден.	5,435 ден.	24	43,970 ден.
над 8.000 ден.	12	206,162 ден.	17,180 ден.	28	166,607 ден.
над 16.000 ден.	7	155,744 ден.	22,249 ден.	29	202,137 ден.
над максимална	5	122,519 ден.	24,504 ден.	34	228,422 ден.

АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ – МАПАС УЧЕСТВУВАШЕ НА БРИФИНГОТ ЗА МЕДИУМИ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА ДРУШТВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ (АДПФ)

Претставниците на МАПАС, Претседателот на Советот на експерти, Ремзи Бајрами и членот на Советот на експерти, Пранвера Сума, учествуваа на брифингот со новинари организиран од АДПФ.

На овој работен состанок се дискутираше за стабилноста, предизвиците и перспективите за развој на капитално финансираниот пензиски систем во нашата земја.

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**

ОДРЖАН РАБОТЕН СОСТАНОК СО МИНИСТЕРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ, ЃОКО ВЕЛКОВСКИ

Претседателот на Советот на експерти на МАПАС, Ремзи Бајрами, членот на Советот на експерти на МАПАС, Пранвера Сума и главниот советник на претседателот на МАПАС, Марија Поповска, одржаа работен состанок со Министерот за социјална политика, демографија и млади, Ѓоко Велковски.

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**



ДОСТАВЕНО БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ – УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС известува дека од страна на ДУДПФ ВФП Пениско друштво АД Скопје, е доставено Барање за добивање дозвола за вршење на дејност – управување со задолжителни пензиски фондови, условно одобрение за управување со задолжителен пензиски фонд и запишување на задолжителен пензиски фонд во Регистарот на задолжителни и доброволни пензиски фондови.

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**

ПРЕТСТАВНИЦИ НА МАПАС НА 25-ТАТА ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА БЕРЗА

Претседателот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС, Ремзи Бајрами, членот на Советот на експерти на МАПАС, Пранвера Сума, Главниот советник на претседателот на МАПАС, Марија Поповска и Раководителот на Одделението за институционална контрола, Фестим Беќири, присуствуваа на 25-тата годишна конференција на Македонската берза, која се одржа на 22 и 23 септември 2026 година во Охрид.



За повеќе информации посетете го следниот **линк.**

ИМАТЕ ПРАШАЊА ИЛИ ПОПЛАКИ?
Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
Славко Јаневски 100, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел: (02) 3224 229
www.mapas.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

TÜV NORD
TÜV NORD CERT GmbH
ISO/IEC 27001